Република Македонија
СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено 18.01.2013
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
03 | 388/1 | |

# Извештај
## за исполнување на обврските
## за заштита и негување на културниот идентитет во 2012 година

**Регулатива**

Радиодифузерите, поради важната улога која ја имаат во заштитата и негувањето на културниот идентитет, како македонскиот, така и на етничките заедници кои живеат во Република Македонија, имаат посебни законски обврски во однос на емитуваната програма и музика. Имено, Законот за радиодифузната дејност ги посветува членовите 74 и 124 токму на прецизирање на начините преку кои, на дневно ниво, ќе се остваруваат овие обврски. Притоа, од радијата и телевизиите се бара:

- Во делот на програмите - дневно да емитуваат 30% програма изворно произведена на јазикот на кој, според дозволата за вршење радиодифузна дејност, треба да го емитуваат програмскиот сервис. Оваа обврска е иста и за комерцијалните радија и телевизии и за телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис. За програмите на Јавното радио оваа обврска е повисока, односно изнесува 40%.
- Во делот на музиката - најмалку 30% од вокално – инструменталната музика што комерцијалните радиодифузери ја емитуваат во текот на едно денонокие треба да биде на јазикот на кој, според дозволата за вршење радиодифузна дејност, треба да го емитуваат програмскиот сервис. Оваа обврска за телевизиските и радио сервисите на Македонската радиотелевизија изнесува 45%.

Ваквите одредби, Советот за радиодифузија ги конкретизираше во *Правилникот за примена на одредбите поврзани со заштитата и негувањето на културниот идентитет („Службен весник на Република Македонија“ број 113/2006)*. Со него се прецизираат прашањата какви што се производството/потеклото на програмата, жанровите (преку кои се остварува обврската за емитување програма изворно произведена на македонски, односно на некој од јазиците на етничките заедници), начинот на мерење (на

пример анализирањето само на вокално – инструменталната музика), кои сервиси се иземени од некоја од обврските и сл.

Советот за радиодифузија го следи почитувањето на одредбите од Законот и од подзаконскиот акт преку еднодневните мониторинзи. Во овој извештај, за да се обезбеди методолошка доследност во третманот на различните групи радиодифузери (според подрачје на емитување) не се изнесени наодите за оние радиодифузери кои во текот на 2012 престанале да работат и оттаму не биле опфатени со сите спроведени мониторинзи.

## Остварување на обврските во 2012 година

### *Јавен радиодифузен сервис*

Првиот и Вториот телевизиски програмски сервис на Македонската телевизија, исто како и Радио Скопје, Радио два и Програмата на јазиците на етничките заедници на Македонското радио, во текот на 2012 ги почитуваа обете обврски за негување на културниот идентитет. Имено, во четирите спроведени мониторинзи на еднодневната програма (март, јуни, септември и декември), сите анализирани сервиси ги надминуваа праговите и за вокално – инструментална музика, и за програма изворно создадена на македонски, односно на јазиците на етничките заедници.

Споредено со наодите од 2011 година[1], ова значи дека Јавниот сервис одржува континуитет во почитувањето на обврската за изворно создадена програма, а напредок во придржувањето на радио сервисите кон обврската за вокално – инструментална музика. Имено, во 2011 година, Радио Скопје и Радио два не ги достигнуваа пропишаните 45% вокално – инструментална музика на македонски јазик.

### *Земски телевизии со национално покривање*

Од комерцијалните телевизиски програмски сервиси кои зрачат програма на територијата на државата, ТВ Сител е единствената која, во четирите еднодневни мониторинзи (март, јуни, септември и декември), се придржуваше кон обврската дневно да емитува најмалку 30% програма изворно создадена на

[1] Сите споредбени податоци за 2011 гдоина произлегуваат од документот насловен „Извештај: Остварување на обврските за заштита и негување на културниот идентитет на радио и телевизиските програми во 2011 година" изработен од Советот за радиодифуизја и достапен на: http://www.srd.org.mk/images/stories/publikacii/publikacii_2012/Izvestaj_za_ostvaruvanje_na_obvrskite_za_zastita_i_neguvanje_na_kulturniot_identitet_na_radio_i_televiziskite_programi_vo_2011_godina.pdf

македонски јазик. Останатите три телевизии повремено се соочуваа со потешкотии при остварувањето на оваа обврска (Алсат-М во март и јуни, Канал 5 во март и септември, Телма во септември).

Сите четири сервиси, кога емитуваа музика, ја исполнуваа обврската за најмалку 30% вокално – инструментална музика на македонски, односно на албански јазик.

Податоците од анализата од 2011 година покажуваат дека промена има само кај Телма Телевизија која, при една од анализите во 2012, не го достигна минималниот праг за изворно создадена програма.

***Земски радија со национално покривање***

Програмата на трите радија кои зрачат на државно ниво беше предмет на еднодневен мониторинг четирипати во текот на 2012 година (април, јули, октомври и декември). Канал 77 континуирано ги почитуваше обврските за негување на културниот идентитет. Отстапувања во вокално – инструменталната музика покажа априлскиот мониторинг кај Антена 5, додека кај Рос Метрополис априлскиот и јунскиот.

Ова е подобрување во однос на состојбата во 2011 година кога три еднодневни мониторинзи покажуваа дека ниту едно од трите радија не ја исполнува обврската во поглед на емитуваната музика.

***Сателитски телевизии со национално покривање***

Меѓу телевизиите кои емитуваат програма преку сателит (24 Вести, Алфа, Канал 5 Плус, Наша ТВ, Сител 3 и Сонце), Сител 3 континуирано не ја исполнува обврската за емитување програма изворно создадена на македонски јазик. Канал 5 Плус не го достигнува минималниот праг за изворна програма во три од мониторинзите. Останатите сателитски телевизии ја исполнуваат обврската, која не важи за 24 Вести, бидејќи станува збор за специјализиран програмски сервис.

Сите телевизии, доколку во анализираното деноноќие емитувале музика, ја почитувале обврската за 30% вокално – инструментална музика на македонски јазик.

***Регионални радиодифузери***

Проверката на еднодневната програма на телевизиите МТМ, Едо, ЕРА, БТР, Шутел, СкајНет, КРТ и Амазон, односно на телевизиските станици од скопскиот регион, покажа недоследност кај неколку од нив. Имено, погледнато

од аспект на почитувањето на обврските за заштита и за негување на културниот идентитет на заедницата за која се наменети, прагот од 30% изворна програма на дневно ниво не го достигнаа ТВ Едо - на бошњачки јазик, ТВ ЕРА – на албански, ТВ Шутел – на ромски и ТВ Амазон – на македонски. Ова е полоша ситуација отколку во 2011 година кога отстапување од почитувањето на овие обврски имало кај две телевизии (ТВ Едо и ТВ Крт), наспроти четирите во 2012.

Регионалните телевизии внимаваа да ја почитуваат обврската согласно која 30% од дневно емитуваната вокално – инструментална музика треба да ја емитуваат на јазикот на заедницата за која се наменети. Исклучок е БТР која не ја исполни обврската за ромски јазик.

Скопските радија исто така, во текот на различни месеци од 2012 година, поминаа низ проверка на еднодневната програма при што се покажа дека поголем број од нив имаат проблем да го достигнат минимумот од 30% дневно емитувана вокално – инструментална музика на македонски, односно на јазикот на некоја од етничките заедници. Обврската за вокално – инструментална музика на македонски јазик не ја исполнуваа радијата Фолк, Клуб ФМ, Равел, Фортуна, Лајф, Спортско Радио 90,3 ФМ, Спортско радио канал 4, Буба Мара, Класик, Сити, Џез ФМ, Студент ФМ 92,9 и РФМ, а на албански јазик Радио Арачина. Радиостаницата РФМ е специфична во однос на другите радиостаници по тоа што кај неа е констатирано дека не ја исполнува ниту обврската за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик.

***Локални радиодифузери***

Локалните радија и телевизии, низ 2012 година повеќе пати беа предмет на ад-хок анализи насочени пред сè кон анализирање поинакви прашања така што наодите од нивните мониторинзи не се податливи за извлекување оценки во поглед на почитувањето на обврските за заштита и за негување на културниот идентитет.

***Сектор за програмски работи***
*Изработила: м-р Емилија Петреска – Камењарова*
*Одобрила: м-р Емилија Јаневска*

**Преземени мерки**

Од страна на Советот за радиодифузија во текот на 2012-та година, кон радиодифузерите, за:

- член 74 став 1 од ЗРД (необезбедување најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик односно на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија), беа упатени 3 (три) укажувања, и беа изречени 12 (дванаесет) мерки – писмени опомени и 5 (пет) мерки – писмени опомени со барање за објавување, и

- член 74 став 2 од ЗРД (необезбедување најмалку 30% од емитуваната вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик односно на јазикот на етничките заедици кои не се во мнозинство во Република Македонија), беше упатено 1 (едно) укажување, и беа изречени 15 (петнаесет) мерки – писмени опомени и 5 (пет) мерки – писмени опомени со барање за објавување.

На Јавниот радиодифузен сервис – Македонска радиотелевизија, во текот на 2012-та година, за член 124, став 3 од ЗРД (необезбедување на емитување најмалку 45% вокално инструментална музика на македонски јазик), не се упатени укажувања и не се изречени мерки.

*Изработил: Симе Златески*
*Одобрила: Цветанка Митревска*